ПАТРИМОНИУМ.МК, година 15, број 20 / 2022
UDK 904:[671.121.4:27-526.62(497.7)”653”
UDK 904:[391.7:75.052(497.7)”11/13”

Јована САВЕВСКА

НЕКОЛКУ ПРИМЕРИ НА ЛИКОВНА ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА СРЕДНОВЕКОВНИ ОБЕТКИ, НАУШНИЦИ ВО ФРЕСКОЖИВОПИСИТЕ ОД XII-XIV ВЕК

Клучни зборови: *среден век, средновековен накит, фрескоживопис, наушници, обетки*

Апстракт: *За средновековието најмногу дознаваме преку веќе откриените средновековни градови, некрополите кои како временски капсули ги сочувале најзначајните и највредни предмети на средновековниот човек, но и преку богатата продукција на сакрални архитектонски објекти и нивниот фрескоживопис, кој се уште претставува врвен уметнички белег во историјата на уметноста. Накитот е еден од најрепрезентативните археолошки наоди на средниот век и изобилува со голем спектар на елементи за украсување. Сјајот на средновековниот накит се насетува од описите во историските извори и архивската граѓа, а особено од ликовните претстави на ктиторските композиции и останатите фрески во црквите од полниот и доцен среден век. Едни од највпечатливите примери од средновековниот накит се наушниците, обетките...*

Средновековниот накит кој е откриен на територијата на Р.Македонија е пронајден преку археолошки ископувања или како случајни наоди. Дел од накитот е пронајден во истражуваните населени слоеви, кои се состојат од исфрлени или изгубени примероци, а дел од пронајдениот накит е во вкопаните депоа каде што се сочувани најлуксузните примероци поседувани од луѓе со повисок социјален ранг.[1] Во секој случај најголемиот процент на пронајден средовековен накит доаѓа од истражените некрополи на територијата на Македонија. Овие некрополи можеби не откриваат друг вид на археолошки артефакти, меѓутоа и во најсиромашните гробови пронаоѓани се примероци од накит. Според христијанските обичаи и правила, починатите биле погребувани во свечени облеци декорирани со накит, што за нас остават траги за животот на средновековниот човек во изминатите векови.

Накитот, кој честопати бил и дел од облеката се правел од бакар, односно бронза, сребро и неретко од злато, а се користеле дополнителни украсни детали од благородни и полублагородни камења. Формите на накитот биле различни и честопати изработувани во техники на филигран, гранулација, цизелирање, пунктирање итн. при што се компонирале зооморфни, вегетабилни и геометриски мотиви.[2] Се употребувал за китење, украсување, покажување на естетски вкус, за разубавување и допадливост, и од профилактички причини. Носењето на скап и макотрпно изработен накит покажувало колку неговиот носител е моќен, кој е неговиот ранг и неговото место во општествената хиерархија. Меѓу другото, накитот се носел и од практични намени.[3] Различни форми и типови на накит ги прикажуваат потребите и желбите на сопственикот најчесто поврзани со облеката и професијата. Средновековниот накит има многубројни значења поврзани со реалноста и мистичното. Го рефлектирал социјалниот статус, хиерархијата, професијата, етничката припадност, како и индивидуални означувања меѓу кои брачниот статус, полот и годините, вклучувајќи ги и естетските, духовните и религиските ставови на оној што го носел.[4] Тој е симбиоза од христијанските и постарите архајски, магиски и профилактички карактеристики, која се чувствува

[1] Maneva E., *Ancient jewellery from Macedonia-Middle Ages*, Skopje 2005, pg.5

[2] Трајковски К. *Најкусата историска и археолошка слика на Македонија од IX до XIV век*, МАКЕДОНИЈА милениумско културно-историски факти, том 3, Скопје 2013 стр.1500

[3] Манева Е. *Средновековен накит од Македонија*, Скопје 1992 стр.18

[4] Maneva E., Ancient jewellery from Macedonia-Middle Ages, Skopje 2005, pg.6

1. Детаљ. Раѓањето на Богородица, Св.Пантелејмон (1164)

преку различните форми, материјали, орнаменти, натписи, како и преку начинот и местото на носење.[5] Неговата поделба според местото каде се носи, односно за украсување на одредени делови од телото е со различни елементи. Како дел од облеката и опремата се среќаваат фибули, аграфи, елементи од појасни гарнитури-токи, апликации, висулци, копчиња. Меѓу накитот кој се носи во пределот на главата се среќаваат челни ленти-дијадеми, венци за глава, наушници и обетки.

Разгледувајќи ги најмаркантните фрескоживописи во црквите на територијата на Р. Македонија наидуваме на разновидни и интересни примери од средновековен накит кои претставуваат уште еден извор и белег за материјалното културно богатство што го поседуваме. Приказната за наодите кои се пронајдени, се надополнува преку толкувањето на ктиторските композиции, како и наративните сцени од фрескоживописите во кои се вклучуваат елементи од секојдневниот живот. Имајќи предвид дека се работи за обемен материјал за обработка и истражување, ќе се задржиме на неколку илустрирани примери на обетки, наушници од најдрагоцените, монументални цркви од средновековната продукција во периодот од XII-XIV век на територијата на Р.Македонија.

Терминот наушници е општо прифатен во археологијата за накитот кој бил закачен и висел над и околу ушната школка. А во одделни дијалекти и поархаични говори од македонскиот јазик зборот наушница е синоним и за обетка која се носи провлечена во ушната ресичка.[6]

[5] Maneva E., op.cit. pg.6

Еден од најубавите уметнички споменици во целиот византиски свет е црквата Св.Пантелејмон во Нерези-Скопје (1164 година)[7] , кој со своите врвни творечки дострели на живописот претставува поим за исклучителната креативна инспирација, бележано во едно неповторено и ненадминато уметничко дело.[8] Распоредот на композициите е промислен и со добар програмски концепт приспособен на просторот. Сцените се монументални во димензии и по значење. Меѓу сцените посветени на Богородица од западниот ѕид на наосот, се наоѓа и композицијата Раѓање на Богородица. Во оваа сцена се забележуваат женски фигури во улога на слугинки кои носат дарови. Дел од нив се накитени со впечатливи наушници, за кои може само да претпоставиме дека личат на наушниците со гужва (навој) од лабаво намотано спирално телче, или пак со вертикално нанижани додатоци.

Црквата Св.Ѓорѓи во селото Курбиново-Преспа (1191 година)[9] се надоврзува на стилскиот израз од ликовните модели на нерешкиот живопис и ја заокружува стилската етапа на сликарството во време на династијата на Комнените.[10] Во првата

[6] Манева Е. *UBUM PAR ÇERÇEROLUM - НАУШНИЦИ - ЗАДУШНИЦИ - УШНИЦИ - ОБРАЗЦИ - НАМЕТУШКИ - ОБЕЦИ - ОБЕТКИ*..Жива антика 10, 2012

[7] Sinkevic I., The Curch of St.Panteleimon at Nerezi, Wiesbaden 2000

[8] Коруновски С, Димитрова Е. Византиска Македонија, Скопје 2006 стр.64

[9] Грозданов Ц., *Курбиново и други студии за фрескоживописот во Преспа*, Скопје 2015

[10] Коруновски С, Димитрова Е. *Византиска Македонија*, Скопје 2006 стр.74

2. Детаљ. Св.Елена, Курбиново (1191)



3. Наушници/обетки алки

4. Детаљ. Раѓање Христово, Курбиново (1191)

5. Детаљ. Симнување во Пеколот, Курбиново (1191)



6. Обетки со три коленца.

7. Деталь. Кралицата Симонида, Старо Нагоричино (1316-18)

8. Луксузни кружни наушници, Скопско Кале, XIV век



9. Златни кружни обетки, Горно Оризари-Кочани, XIV век

зона на јужниот ѕид од црквата, прикажан е парот од машка и женска фигура на св.Константин и св.Елена со крстот. На насликаната преставата на св.Елена се забележуваат едноставните наушници/обетки алчиња[11] кои ја надополнуваат раскошната декорација на целата светителска фигура.

Покрај овој пример во втората зона на јужниот ѕид во комплексната сцена на Раѓањето Христово, забележуваме женска фигура во долниот десен агол која е насликана со обетка која содржи вертикално поставени топчести елементи. Во целост не може да се идентификува типологијата на обетката, но може да се претпостави дека се работи за висечки наушници. На северниот ѕид во истата зона во сцената Симнувањето во Пеколот, на претставата на Авел, насликана е обетка која може да се спореди со примерите на обетките со три коленца.[12] Тие се изработени од кружно свиена жица со три еднакво поставени коленца од навиен, кован лим.

Црквата Св.Ѓорѓи во селото Старо Нагоричино- Куманово (1316-18 година)[13] е живописана од големите мајстори Михаил и Евтихиј, чиј ликовен аранжман се вбројува меѓу најголемите фрескоан-

[11] Манева Е. *Средновековен накит од Македонија*, Скопје 1992 стр.41-42

[12] Манева Е. *Средновековен накит од Македонија*, Скопје 1992 стр.46

[13] Тодић Б., *Старо Нагоричино*, Београд 1993, стр.121

10. Детаљ.Царицата Елена, Полошко (1343-45)

11. Зрачести златни наушници, Маркови кули XIVвек

самбли создадени на македонското подрачје и се одликува со рафинираните квалитети на зрелата фаза од развојот на палеологовското сликарство.[14] Меѓу сиот тој раскошен и енергичен живопис, на северниот ѕид од нартексот се наоѓа уникатната ктиторска композиција каде што се претставени кралот Милутин и кралицата Симонида, како и патронот св.Ѓорѓи. Покрај раскошната, кралска облека во која е портретирана кралицата Симонида, се забележуваат луксузните кружни наушници што висат на краевите на висечките перпендулии, кои го красат нејзиното лице. Тоа се масивни наушници со голем, тркалезен скапоцен камен, кој е опкружен со бисерна низа. Постојат повеќе подтипови на овие кружни наушници, но најблиску до оние што се прикажани на оваа ктиторска сцена е примерот на златните обетки, изработени во

12. Детаљ. Ана Марија Ливерина, Лесново (1346-47)

филигранска техника и збогатени со скапоцени камења од локалитетот Горно Оризари Кочани[15], како и луксузните, велмошки, бронзени и позлатени нушници, збогатени со полускапоцен каменгорски кристал од Скопското Кале.[16]

Надоврзувајќи се на ктиторските композиции, може да се спомене онаа од црквата Св.Ѓорѓи кај село Полошко-Кавадарци (1343-45 година)[17], каде што се претставени калуѓерката Марија и нејзиниот веќе покоен син Јован Драгушин со својата млада сопруга, прикажани од северната страна на ѕидот.[18] Претставата на сопругата на благородникот Јован Драгушин, за жал, е оштетена со подоцнежната доградба на нартексот, што отежнува да се идентификува типот на наушници со кои нејзи-

[14] Коруновски С, Димитрова Е. *Византиска Македонија*, Скопје 2006 стр.161

[15] Dimitrova E, Zorova O. *Haute Couture of Macedonia Byzantina: Fashion, Jewelry, Accessories*, Niš & Byzantium Symposium, The Collection of scientific works XVI, Niš, 2018 , pg.252

[16] Манева Е., *Скопје и Скопско во средниот век*, Скопје. Осум милениуми живот, култура, творештво, Скопје 2019, стр.408-409

[17] Петрова Е. уредник, *Манастир Св. Ѓорѓи Полошко*, Скопје 1998

[18] Коруновски С, Димитрова Е. *Византиска Македонија*, Скопје 2006 стр.177

13. Детаљ. Одрекувањето на Петар, Полошко (1343-45)

ното лице е украсено, меѓутоа наликува на зрачест или кружен тип наушници. Над ктиторската композиција, насликано е српското владетелско семејство, каде портретираната царица Елена е прикажана со луксузни и гломазни зрачести наушници.

Разгледувајќи ги средновековните манастири од втората половина на XIV век, наидуваме на експресивното сликарство на четворицата мајстори во црквата Св.Архангел Михаил во село Лесново (1346-47 година)[19]. Иконографскиот концепт на сликаната декорација навидум изгледа традиционален, но покажува и множество елементи на сликарска инвенција во одбирањето на специфични компоненти за живописаниот ансамбл на храмот.[20] На северниот ѕид од наосот е насликана ктиторската композиција во која моќната претстава на патронот е придружена со портретите на благородникот Јован Оливер и неговата сопруга Ана Марија Ливерина. Двете фигури се портретирани со најситни детали во нивната раскошна облека. Меѓу другото, се забележуваат репрезентативните зрачести наушници на Ана Марија.

Зрачестите наушници може да бидат во повеќе варијанти, но најчесто се состојат од полукружен метален дел во форма на лунула, украсен со еднакво подредени елементи во облик на конус кои го даваат зрачестиот облик. Како пример кој може да се спореди со ликовната интерпретација на наушницата е наодот од Маркови кули, Прилеп.[21]

14. Св.Варвара, Полошко (1343-45)

Во состав на ликовниот аранжман на оваа црква забележуваме и други насликани средновековни наушници. Во композицијата Петровото одрекување, една од женските насликани фигури е прикажана со декоративни наушници кои се со кружно свиткана жица и апликации од пет топчести елементи. Меѓу женските светителски претстави, св.Варвара е насликана со обетки со кружно свиткана дебела жица на која се аплицирани три, еднакво распоредени топчести елементи. Не е познат идентичен пример во археолошките наоди, па овие наушници може најблиску да се споредуваат со наушници со три еднакви јаготки. Полуксузен пример на овој тип наушници е пронајден во с.Радолишта, Струга.[22]

Во залезот на средновековните архитектонски и уметнички подвизи, настанал еден од најрепрезентативните споменици на македонската територија. Црквата Св.Димитрија во село Сушица (1376-1377 година)[23] го има еден од најмаркантните живописи на средновековната културна ризница.[24] Разгледувајќи го исклучителниот ликовен ансамбл на оваа црква, интересни примери

[19] Габелић С., *Манастир Лесново. Историја и сликарство*, Београд 1998

[20] Коруновски С, Димитрова Е. *Византиска Македонија*, Скопје 2006 стр.191

[21] Манева Е. *Средновековен накит од Македонија*, Скопје 1992 стр 60

[22] Манева Е. *Средновековен накит од Македонија*, Скопје 1992 стр.48

[23] Ђурић Т.М.*Фреске Марковог манастира*, Балканолошки институт, САНУ 2019

[24] Коруновски С, Димитрова Е. *Византиска Македонија*, Скопје 2006 стр.202

15.Детаљ. Кондак 2, Марков манстир (1376-77)

16. Детаљ. Икос 10, Марков манастир (1376-77)

17. Детаљ. Кондак 12, Марков манастир (1376-77)

18. Детаљ. Икос 12, Марков манастир (1376-77)

од средновековниот накит, односно наушници/обетки се забележуваат во некои од композициите од Акатистот посветен на Богородица. Меѓу нив, може да ги посочиме Кондак 2, каде што женските фигури ги имаат препозналивите наушници/обетки алки, Икос 10 каде дел од насликаните женски фигури се прикажани со обетки кои наликуваат на наушници со висечка јагода.[25] Исклучително интересен пример може да се најде во композицијата Кондак 12, каде што претставата на малиот Христос е надополнета со наушница алка на едното уво, а истиот пример се забележува и во композицијата Икос 12 од Акатистот. Со овој ликовен пример се потврдува дека во средниот век и мажите носеле обетка на едното уво, како амајлија која ќе ги штити од зли сили и магии.[26]

Богатата ризница на средновековен накит на територијата на Македонија остава голема трага во културното наследство, со кое можеме да се гордееме. Репрезентативните примероци кои се пронајдени на локалитетите низ Р.Македонија се проткајуваат во накитот од поновата историја, во народната носија, па и во современието преточен преку најмодерните декоративни елементи. Средновековниот накит изобилува со елементи за украсување на целото тело со акцент на накитот за главата, при што покрај декоративната, ја имаат утилитарната и профилактичката улога. Формите, техниките на изработка и материјалот биле условени од времето во кое се изработувал накитот, условите и потребите на средновековниот човек. Влијанијата од околните култури, но и од подалечните, се уште еден сегмент од средновековниот накит на територијата на Македонија. Најмасовното производство на накит веројатно се случува во полниот и доцен среден век, а како рецидив од тоа време продолжува да се изработува, во посиромашна форма и во турското средновековие и како дел од фолклорното китење. Накитот имал функција и да го покаже статусот, припадноста на некој етникум на средновековниот човек.

[25] Манева Е. *Средновековен накит од Македонија*, Скопје 1992 стр. 41

[26] Maneva E., *Ancient jewellery from Macedonia-Middle Ages*, Skopje 2005, pg.8

Дел од средновековниот накит, во нашиот случај наушниците, обетките, е прикажан и во живописите на средновековните цркви на територијата на Р.Македонија. Оттука, преку ктиторските портрети, светителските портрети и наративните сцени од фрескоживописите може да се забележат карактеристиките на средновековниот накит, како и нивната функција и улога. Симбиозата, на накитот како археолошки наод и неговата сликана интерпретација во фреските ја заокружуваат приказната за неговото постоење и го олеснуваат неговото толкување. Меѓутоа, постојат многу примери на наушници и обетки, особено во ликовниот медиум, за кои е потребно интердисциплинарно да се истражува со цел да се идентификуваат, класифицираат и поврзат со конкретни наоди.

Jovana SAVEVSKA

SEVERAL EXAMPLES OF ARTISTIC INTERPETATION OF MEDIEVAL EARRING, BAND-EARRINGS ON THE FRESCO PAINTINGS FROM THE 12TH TO THE 14TH CENTURIES

Summary

The paper once again affirms the unbreakable connection of archeology and art history. The involvement of these humanities sciences make an attempt to map, identify, to give a classify several types of Medieval earring's, band-earrings painted on the most prominent frescos from the 12th to the 14th centuries on the territory of N. Macedonia. Observing some Donor's compositions from the narrative scenes and the depicted female saints we find familiar types of Medieval band-earrings, earrings, specially the more precious for noble-women (circular, radiant forms) represented on the czarina Elena, the queen Simonida, the noble- woman Ana Maria Liverina and others. We notice also simple forms of earrings, shown on normal Medieval women in the narrative scenes, furthermore on the depiction Jesus Christ as infant (wearing an earring like a hoop). The greatest challenge are the band-earrings, earrings for which we have no adequate archeologic finds from the Medieval period, so we can give our assumption and our perception, nevertheless they give the possibility designed for additional interdisciplinary research.